# Постизборен период (по втор круг)- хибридни закани и изборни ризици во дигиталниот простор – Локални избори 2025

Подготвиле:

Пецо Трајкоски

Игор Чавески

Куштрим Ала

Митко Јовановски

*Изработката на овој извештај е финансирана од Европската Унија во рамките на проектот „Дигитален штит: Мониторинг на локалните избори 2025 од хибридни закани во дигиталниот простор“ спроведуван од Центарот за стратегиски истражувања и анализи – ЦСИА. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.*

# Содржина

Извршно резиме ........ 3

2. Вовед и цел на извештајот ........ 4

3. Опфат и методологија ........ 5

4. Извори и канали ........ 5

    4.1 Пристап на мониторинг ........ 6

5. ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР ПО ВТОР КРУГ ........ 7

6. Клучни наоди ........ 8

7. Импликации ........ 11

7. Препораки и заклучни согледувања ........ 12

# Извршно резиме

Овој извештај ја опфаќа Фаза 3, постизборниот период по вториот круг на локалните избори 2025, кога изборната трка формално завршува, но дигиталниот конфликтен потенцијал продолжува и во одредени случаи се засилува. Во оваа фаза, фокусот се префрла од мобилизација кон борба за легитимност на исходот, кон менаџирање на перцепцијата за победа или пораз, и кон зголемено таргетирање на новоизбрани функционери. Извештајот не ја преиспитува правната валидност на резултатите, туку ја анализира дигиталната средина во која резултатите се интерпретираат, искривуваат и се користат како основа за поттикнување сомнеж, недоверба и поларизација.

Клучните наоди покажуваат дека постизборните ризици се концентрирани во неколку повторливи обрасци. Прво, се регистрира делегитимирање на исходот преку тврдења за искривување на волјата, поткуп и неправилности кои, доколку не се канализираат во институционална постапка, функционираат како долготраен наратив што ја поткопува довербата во резултатите. Второ, се засилуваат наративи за легитимност, особено аргументот дека ниската излезност ја прави победата нелегитимна, како и рамката дека сите се победници и селективното читање на резултатите, што ја продолжува конфронтацијата и по завршување на гласањето. Трето, по потврдување на резултатите се бележи ескалација на говор на омраза и навреди кон новоизбрани функционери, со појава на таргетирање на семејства, вклучително деца, што претставува директна форма на дигитално заплашување и поместување на границата на прифатлив јавен говор. Четврто, се нотира употреба на содржини креирани или доработени со вештачка интелигенција, како и визуелни монтажи и мемиња за исмевање и омаловажување, што служи како забрзувач на токсичноста и често генерира лавини од навредливи коментари. Паралелно, се забележува континуитет на етнички рамки и поларизација по вториот круг, со постизборни интерпретации што го претвораат демократскиот исход во наратив за победа или пораз на заедници.

Импликациите од овие појави се сериозни. Се еродира довербата во институциите и изборниот процес, се продлабочува локалната поларизација, се нормализира дигитално насилство и се создава ризик за офлајн ескалација во чувствителни средини. Затоа, извештајот препорачува во првите 14 до 30 дена по вториот круг да се воспостави јасен постизборен протокол за брза реакција со јавно разјаснети рокови, надлежности и стандарди за доказ, да се обезбеди приоритетно постапување по говор на омраза и закани, особено кога се таргетираат функционери и семејства, и да се спроведуваат координирани јавни разјаснувања кога се шират непотврдени информации со политичка цел. Дополнително, се препорачува медиумите да применуваат засилена верификација во постизборна фаза и да објавуваат кратки фактографски објаснувања за легитимноста и процедурите за приговори, додека платформите и граѓанското општество треба да спроведуваат засилен мониторинг, пријавување и системско архивирање на докази преку линк, скриншот и датум, со оглед на мултиплатформското ширење и брзото бришење или повторно објавување на содржините.

## 2. Вовед и цел на извештајот

Постизборниот период по вториот круг на локалните избори претставува специфична и чувствителна фаза во која политичката натпреварувачка динамика формално завршува, но конфликтниот потенцијал во дигиталниот простор често продолжува  и во одредени случаи се трансформира во поостри форми. За разлика од предизборниот период, каде доминира мобилизација на гласачи и промотивна комуникација, по вториот круг тежиштето се префрла кон реакција на исходот т.е. прифаќање или оспорување на резултатите, конструирање „победнички" или „жртвенички" наративи, и пренасочување на јавниот гнев и фрустрација кон новоизбрани функционери и нивните политички субјекти.

Оваа фаза е особено важна затоа што токму тогаш се зацврстува јавната перцепција за легитимноста на изборниот процес и за кредибилитетот на институциите што го спроведуваат. Во постизборните денови, наративите кои во кампањата биле сугерирани или тестирани, неретко стануваат поексплицитни, се појавуваат тврдења дека изборите биле „наместени", дека победата е „лажна", дека резултатот не ја одразува „вистинската волја", или дека победникот е нелегитимен поради излезност, етничка структура на гласови или административни околности. Овие рамки не мора да бидат поддржани со факти за да имаат ефект,  доволно е да се повторуваат и да се шират мултиплатформски за да создадат сомнеж, недоверба и пасивен отпор кон локалната власт уште од првиот ден.

Дополнително, постизборниот период носи ризик од нормализирање на агресивен дигитален говор. Кога „натпреварот" завршил, дел од онлајн-актерите ја поместуваат границата од критика кон лична дискредитација и омаловажување. Во оваа фаза се бележи тенденција на таргетирање на конкретни личности, новоизбрани градоначалници, советници и јавни фигури  со говор на омраза, навреди, сексистички или етнички квалификации, како и форми на дигитално заплашување. Особено проблематично е кога нападите се прошируваат кон семејства, вклучително и деца, бидејќи тоа има директен ефект врз безбедноста и психолошката благосостојба на поединците и ја поместува границата на прифатливост во јавниот говор.

Во постизборниот период се менува и „алатникот" на манипулација. Наместо класични партиски објави, расте улогата на анонимни профили, неформални страници, групи и коментаторски мрежи кои ја засилуваат токсичната содржина. Воедно, се забележува поголема употреба на визуелни и кратки формати,  мемиња, видеа и монтажа  кои се дизајнирани да се шират брзо и да влијаат емотивно, без простор за рационална проверка.

Во овој контекст, употребата на содржини креирани или модифицирани со вештачка интелигенција (AI) претставува дополнителна закана: тие не мора да бидат технички „совршени" за да бидат ефикасни, доволно е да создадат потсмев, да деградираат јавна фигура и да поттикнат лавина од навредливи коментари.

Иако трет круг се одвиваше во неколку општини, во овој извештај фокусот е ставен на пошироките постизборни феномени што се јавуваат по вториот круг, бидејќи тие најсилно влијаат на националната перцепција и на општото чувство на легитимност. Намерата не е да се преиспитуваат изборните резултати како бројки, туку да се анализира дигиталната средина во која тие резултати се интерпретираат, искривуваат или се користат како основа за поттикнување недоверба, омраза и општествена поларизација. Токму затоа, постизборниот мониторинг е неопходен дел од проценката на изборниот интегритет: изборите не завршуваат со гласањето, туку со јавната и институционална способност исходот да биде прифатен како легитимен и да се обезбеди мирен премин кон управување.

## 3. Опфат и методологија

Овој извештај го опфаќа постизборниот период дефиниран како деновите по вториот изборен круг, од моментот кога изборната трка формално завршува и јавната комуникација се префрла кон интерпретација на исходот, прифаќање или оспорување на резултатите и таргетирање на новоизбрани функционери. Во оваа фаза, изборните ризици се манифестираат поинаку од кампањата: наместо директна мобилизација за гласање, доминираат наративи за легитимност, победнички/жртвенички рамки, перцепциска пропаганда, говор на омраза, како и нови визуелни техники за дискредитација (мемиња, монтажа и AI-содржини).

Мониторингот е насочен кон содржини што имаат потенцијал да:

- ја поткопаат довербата во изборниот процес и институциите што го спроведуваат;
- поттикнат омраза и дискриминација;
- создадат клима на заплашување кон новоизбрани локални функционери и нивни семејства;
- ја одржат или продлабочат поларизацијата во локалните заедници по завршување на изборите.

Во согласност со фокусот на Фаза 3, не се анализираат изборните резултати како статистика или правна валидност на постапката, туку се анализира дигиталниот простор во кој резултатите се интерпретираат, искривуваат или се користат за делегитимација и ескалација на конфликт.

## 4. Извори и канали

Мониторингот се заснова на јавно достапни објави и интеракции на социјални мрежи и дигитални канали, каде во постизборниот период најчесто се прелева јавната реакција на исходот.
Следењето ги опфаќа следните типови на дигитални простори:

1. Профили и страници на политички актери и партии , официјални профили, локални партиски ограноци и страници што се активираат по резултатите.
2. Неофицијални страници и групи – локални „информативни“ страници, навивачки/политички групи, заедници каде се мобилизира гневот или се нормализира дискредитација.
3. Анонимни профили и профили со сомнителен идентитет , профили што делуваат како засилувачи: ре-објавуваат, провоцираат, поттикнуваат омраза и иницираат лавини од коментари.
4. Коментарски секции под објави , бидејќи постизборната агресија многу често е највидлива токму во коментарите (навреди, закани, дискриминација).
5. Медиумски портали и нивни социјални канали , особено кога наративите за легитимност се шират преку „вест“ формати или анализи со силен политички набој.

Овој пристап е намерно широк затоа што постизборните наративи речиси секогаш се мултиплатформски: истата теза се појавува како статус на Facebook, потоа како видео/меме, па како скриншот на друга платформа, и конечно се „легитимира“ преку споделување во групи.

## 4.1 Пристап на мониторинг

Во постизборниот период, клучно е не само „да се види“ содржината, туку да се документира на начин што овозможува:

- споредливост меѓу случаи,
- идентификација на повторувачки наративи,
- верификација преку доказ (линк/скриншот),
- проценка на ризик (дали содржината има потенцијал да предизвика штета).

Затоа мониторингот се спроведе преку следниве чекори:

Чекор 1 – Систематско пребарување и дневно следење на трендови

Се следеа клучни зборови, хаштагови и имиња поврзани со:
исходот од вториот круг (победа/пораз, „легитимност“, „излезност“, „наместено“, „кражба“),
новоизбрани функционери (имиња, општини, функции),
теми со висок конфликтен потенцијал (етнички рамки, дискриминаторски формулации, „предавници“, „окупација“, „платеници“, итн.).

Чекор 2 – Првична идентификација и класификација на содржината

Секоја релевантна објава се класифицираше според тип и ризик, на пример:
делегитимација на резултати/институции, манипулативни наративи за легитимност (вкл. излезност), перцепциска пропаганда (селективни бројки/„калкулации“), говор на омраза и дискриминација, персонализирани напади и заплашување, AI/монтажи/мемиња,

координирано мултиплатформско ширење.

Чекор 3 – Документирање на доказ

За да се одржи истиот стандард како претходните извештаи, секој пример што влегува во „пример-кутија“ треба да има: линк до објавата (каде што е достапно), и/или скриншот/архивирање (кога содржината се брише или е во нестабилен формат, како сторис или групи).

Чекор 4 – Проценка на потенцијален ефект
Се проценуваше дали содржината: има висок reach/многу споделувања (каде е видливо), генерира лавина од токсични коментари, повикува на омраза/дехуманизација, може да доведе до offline последици (заплашување, закани, напад врз семејство, јавни протести).

Ова е важно затоа што во постизборниот период не секоја навреда е „релевантна за извештај“ , релевантни се оние што се системски, повторливи или со потенцијал за ескалација

### *Ограничувања и мерки за ублажување*

Како и во претходните фази, мониторингот има ограничувања, но во постизборниот период тие се поизразени:

- Брзо бришење/модификација на содржини: по избори, дел од актери бришат објави или ги заменуваат со нови формати.
- Затворени групи и ограничен пристап: дел од токсичните дискусии се префрлаат во затворени групи.
- Анонимност и нејасни извори: тешко е да се утврди кој стои зад профили/страници.
- Недостапни метрики: не секогаш се видливи споделувања/досег.

## 5. ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР ПО ВТОР КРУГ

Дигиталниот простор по вториот круг не е „празен простор по кампањата“. Напротив , во деновите по вториот круг се менува целта на комуникацијата, но конфликтниот потенцијал често останува ист, а понекогаш и се зголемува. Додека пред избори дигиталните пораки се насочени кон мобилизација („излези и гласај“, „не им дозволувај“, „за/против“), по вториот круг доминира потребата да се објасни исходот, да се потврди сопствената позиција и да се менаџира јавната емоција: разочарување, триумфализам, бес, страв и чувство на неправда.

Во постизборниот период, пораките почнуваат да функционираат како инструмент за легитимирање или делегитимирање. Тука се појавува еден клучен феномен: исходот од изборите, иако институционално утврден, станува „предмет на преговарање“ во јавноста преку наративи. Тоа преговарање ретко е рационално. Многу почесто е емотивно, идентитетско и конфликтно, бидејќи

се темели на длабоки поделби во општеството и на локални тензиони линии. Во општини со тесни резултати, ова е уште поизразено: секој симбол, секоја фотографија, секоја бројка може да се претвори во аргумент дека победата е „недостојна“, „лажна“ или „празна“.

Дополнително, постизборниот период е фаза во која политичката критика лесно преминува во персонализирана деградација. Новоизбраните функционери, особено градоначалници и видливи јавни лица, стануваат „тело“ врз кое се истура политичкиот пораз или фрустрација. Овој тренд добива посебна тежина кога нападите се префрлаат од политика кон лични карактеристики, етнички и родови квалификации, или кога се вовлекуваат членови на семејството , што е јасен индикатор на дигитално заплашување и нормализирање на насилство во јавниот говор.

Во оваа фаза, се менува и архитектурата на ширење: официјалните партиски канали имаат помала улога отколку во кампањата, а расте улогата на анонимни профили, неофицијални страници, локални групи и коментаторски мрежи. Тие често функционираат како засилувачи: земаат теза, ја поедноставуваат, ја „зачинуваат“ со навреда или мем, и ја пуштаат во циркулација за да генерира реакција. Во пракса, ова создава впечаток дека одреден став е масовен или доминантен, дури и кога е производ на ограничени мрежи што се ре-објавуваат меѓусебно.

Употребата на визуелни формати , мемиња, кратки видеа, монтажа , станува уште позначајна по вториот круг. Во постизборниот период, визуелната содржина често се користи за „брзо деградирање“: таа е емотивна, лесно се дели, и го намалува прагот на критичко размислување. Во овој контекст, појавата на AI-генерирани или AI-дообработени содржини носи дополнителен ризик: таа не мора да биде технички убедлива за да биде ефикасна , доволно е да биде потсмевлива и да создаде лавина од навредливи коментари.

Затоа, постизборниот дигитален простор по втор круг треба да се разбере како фаза на консолидација или ерозија на довербата. Ако доминираат смирувачки, фактографски пораки и институционална јасност, исходот се стабилизира. Ако доминираат делегитимирање, омраза и заплашување, тогаш изборниот процес завршува со чувство на неправда и конфликт, што продолжува да ја труе локалната демократија во месеците што следат.

## 6. Клучни наоди

### *Делегитимирање на резултатите и „управување“ со перцепцијата за победа/пораз*

Во постизборниот период по втор круг се регистрира тренд каде исходот се претвора во предмет на „комуникациска борба“. Делегитимирањето најчесто не се прави преку проверливи докази, туку преку тврдења за „искривување на волјата“, „поткуп“, „притисоци“, „неважечки ливчиња“ или преку пласирање на непотврдени политички тврдења кои ја хранат перцепцијата дека победата не е „чиста“.

ПРИМЕР-КУТИЈА 1: Оспорување на изборот во Карпош по втор круг (тврдења за поткуп и „искривување на волјата“)

- Контекст: по завршување на вториот круг, поранешниот градоначалник на Карпош Стевчо Јакимовски јавно го оспорува изборот на противкандидатот.
- Што е објавено/тврдено: „искривување на волјата на граѓаните“ преку купување гласови, поткупи (делење брашно, исплаќање долгови), одземање лични карти и прогласување ливчиња за неважечки.
- Ризик: ваквите тврдења, ако не се поткрепени и не се насочат кон институционална постапка, во дигиталниот простор функционираат како делегитимирачки наратив што може да ја подрива довербата во резултатите и институциите.

Во истиот контекст, материјалот нотира дека нема официјална информација дали биле доставени приговори до ДИК, што е важно за постизборната рамка: дигиталниот наратив останува да циркулира како „јавна вистина“ без институционална разрешница.

Покрај индивидуалните тврдења, во материјалите се наведуваат и општи оцени за процесот од меѓународни набљудувачи, со нотирање на притисоци и обвинувања за купување гласови, што во постизборен период често се користи за „подгревање“ на сомнеж.

## *Наративи за легитимност: ниска излезност, „сите се победници“, селективно читање на резултати*

Постизборно, највидливи се наративите што ја напаѓаат легитимноста: или преку аргументот „излезноста е ниска“, или преку „сите сме победници“ рамки, или преку селективно читање на резултатите (особено по етничка/територијална линија).

Материјалот „Лажни наративи…“ експлицитно нотира дека „на локалните избори сите беа победници“ како рамка и дека дел од партиите се обидувале да го оспорат процесот и да го делегитимираат противникот.

ПРИМЕР-КУТИЈА 2: „Ниска излезност = нелегитимни избори“ (манипулативен постизборен аргумент)

- Што се тврди: главниот аргумент за „нелегитимност“ бил дека излезноста е под 50%.
- Што појаснува материјалот: ниската излезност не значи автоматски нелегитимност; наведени се структурни причини како неажуриран избирачки список и иселување.
- Ризик: кога овој аргумент се користи политички, ја поништува институционалната логика на изборниот процес и ја одржува конфронтацијата и по завршување на гласањето.

ПРИМЕР-КУТИЈА 3: „Сите сме победници“ + промена на наратив по втор круг

Материјалот нотира постизборна промена на наратив во албанскиот политички блок: по првиот круг се прогласува победа врз основа на резултати во општини со мнозинско албанско население, но по вториот круг се признава дека реален победник е друга коалиција.

- Ризик: ова демонстрира дека „легитимноста“ се третира како комуникациски ресурс, не како институционален факт , што ја храни недовербата и ја отвора вратата за селективни интерпретации.

Дополнително, „Лажни наративи…“ наведува дека, иако дел од партии тврделе дека процесот нема легитимност, тоа не било потврдено во извештајот на ОБСЕ/ОДИХР, каде не се утврдени системски измами што би ја оспориле легитимноста на процесот како целина.

*Ескалација на говор на омраза и навреди кон новоизбрани функционери*

По потврдување на резултатите се забележуваат нагласени вербални напади и говор на омраза насочени кон новоизбрани локални функционери. Овие напади често се водени од анонимни профили и се прошируваат од функционерот кон семејството, што претставува директна форма на дигитално заплашување.

ПРИМЕР-КУТИЈА 4: 19 ноември – вербални напади кон новиот градоначалник на Скопје + таргетирање на син

- Што се регистрира: по завршување на изборите и потврдување на резултатите има нагласени напади и говор на омраза кон новоизбрани функционери; најсилно насочени кон новиот градоначалник на Скопје; критики со „непримерни споредби“ од анонимни профили; таргетиран и неговиот син со потсмешливи коментари.
- Ризик: нормализирање на дигитално насилство, притисок врз носители на функции и нивни семејства, и создавање токсична средина што може да има и offline последици.

ПРИМЕР-КУТИЈА 5: Континуитет на етнички/омразни рамки по втор круг (Кичево)

- Што се регистрира: етничкиот наратив продолжил по прогласување на резултатите од вториот круг.
- Конкретен локален контекст: „постизборно пребројување на етничка основа“ за Кичево („Тажен ден за Кичево“, обвинување за „дефакторирање“).
- Ризик: поттикнување поделби и легитимирање на изборниот исход како етнички конфликт, не демократски избор.

*Употреба на AI/монтажи/мемиња за дискредитација и исмевање*

Материјалот јасно нотира дека во постизборниот период се користат илустрации и видео-монтажи со вештачка интелигенција, кои симболички ги претставуваат членовите на политичка партија преку ликот на лидерот, со цел омаловажување и исмевање.

ПРИМЕР-КУТИЈА 6: 19 ноември – AI видео/монтажи како алатка за исмевање

- Што се регистрира: зачестена употреба на AI-монтажи/илустрации за симболично претставување и исмевање на политички актери.
- Ризик: AI-содржините ја зголемуваат брзината на производство и ширење на деградирачки пораки; „сатиричниот“ формат често служи како изговор за говор на омраза и лични напади.

## 7. Импликации

Постизборниот период по втор круг има специфични ризици затоа што „штетата“ не се мери со тоа дали ќе се смени изборниот исход, туку со тоа дали исходот ќе биде прифатен како легитимен и дали новоизбраните функционери ќе можат да започнат со работа без дигитално заплашување, омраза и перманентна делегитимација. Во оваа фаза, дигиталниот простор често функционира како продолжение на кампањата со други средства: не се „освојуваат“ гласови, туку се освојува или поткопува довербата, се создава чувство на неправда, се продуцира цинизам и се одржува конфронтацијата жива. Токму затоа, следните импликации и ризици се клучни за разбирање на постизборната динамика.

Ерозија на доверба во институциите и изборниот процес.
Кога доминираат постизборни наративи за „нелегитимност“ , особено преку аргументот за ниска излезност , или кога се шират тврдења за измами без доказ, јавноста постепено го губи чувството дека изборите се механизам за мирен трансфер на власт и за решавање на политичка конкуренција преку правила. Наместо тоа, се создава перцепција дека легитимноста е „прашање на став“, а не институционално утврден факт. Во практика, ова ја поткопува способноста на институциите да функционираат: секоја одлука на новата локална власт може да биде претставена како „без мандат“, а секој обид за јавна политика да биде третиран како узурпација. Овој ризик се засилува кога се пласираат непроверени „вести“ и шпекулации, бидејќи тие не само што создаваат забуна и сомнеж, туку ја окупираат јавната дебата со прашања кои тешко се „затвораат“ без јасна проверка и институционален одговор. Ефектот е долгорочен: недовербата се претвора во апатија („сè е исто“), а апатијата ја намалува подготвеноста за учество и ја слабее демократската култура.

Продлабочување на етничка поларизација на локално ниво.
Продолжувањето на етничкиот наратив по втор круг, со „постизборно пребројување“ на етничка основа (како во примерот со Кичево), го претвора исходот во „победа/пораз на заедници“, не во демократски резултат. Ова е особено опасно затоа што создава трајна рамка дека политичката конкуренција не е натпревар на програми, туку натпревар на идентитети. Во локални средини, каде луѓето живеат заедно, одат во исти училишта и делат јавни услуги, ваквата рамка има директни социјални последици: расте недовербата меѓу граѓаните, се зголемува непријателството во секојдневните контакти, а локалната политика станува поле за постојани провокации. Кога исходот се чита како етничка победа или „дефакторирање“, тогаш и легитимноста на локалната власт се

оспорува на дискриминаторска основа, што дополнително ја заострува поларизацијата и создава ризик од инциденти, притисоци или конфликти во заедницата.

Нормализирање на дигитално насилство и таргетирање на семејства. Кога новоизбрани функционери стануваат мета на агресивни лични напади, а особено кога во нападите се вовлекуваат нивните деца и семејства, се поместува границата на прифатлив јавен говор. Ова не е „жестока политичка критика“, туку форма на дигитално заплашување која има за цел да понижи, да изолира и да создаде чувство на несигурност. Импликацијата е двојна. Прво, се нанесува директна штета , психолошка, репутациска, а понекогаш и безбедносна. Второ, се создава преседан дека ваквото однесување е дозволено и „нормално“, што ги охрабрува другите да го повторуваат. Во постизборен контекст, ова може да влијае и врз управувањето: избраните лица може да се воздржуваат од одлуки, јавни настапи или транспарентност, затоа што секој чекор предизвикува лавина од омраза. Дополнително, кога дигиталното насилство се шири и се радикализира, се отвора реален ризик од offline ескалација: вербалните закани и деградацијата можат да се претворат во физички притисоци, вознемирување или инциденти на локално ниво.

## 7. Препораки и заклучни согледувања

Постизборниот период по втор круг е фаза каде „штетата“ се случува брзо: сомнежот се шири побрзо од фактите, омразата добива замав преку коментари и ре-објави, а непотврдените информации лесно се претвораат во „јавна вистина“. Затоа препораките подолу се дизајнирани како оперативни чекори што реално може да се спроведат во првите 14–30 дена, со јасни одговорности и практични резултати.

*Институции (ДИК / МВР / обвинителство-судство / општини)*

Во првите 14–30 дена по вториот круг институциите треба да имаат јасен, јавен „постизборен протокол за брза реакција“ кој автоматски се активира по изборите. Тој протокол треба едноставно да им каже на граѓаните и на политичките актери: кои се роковите за приговори и жалби, кој е надлежен за што, што се смета за доказ и каде точно се поднесува. Со тоа, тврдењата за „искривување на волјата“, поткуп или неправилности се насочуваат кон институционална постапка наместо да останат да кружат како дигитален наратив без разрешница. Паралелно, институциите треба да постават јасна граница меѓу легитимна политичка критика и дигитално насилство: говорот на омраза, заканите и особено таргетирањето на функционери и нивни семејства мора да се третираат приоритетно и да добијат брза реакција, за да не се нормализираат како „новата нормала“ по избори. Конечно, кога ќе се појават непотврдени „вести“ и шпекулации со политичка цел, институциите треба координирано да реагираат со кратки разјаснувања и деманти во стандарден формат (тврдење → факт → постапка/извор → каде да се провери), за да се намали просторот каде сомнежот се претвора во убедување.

*Медиуми и редакции*

Во постизборниот период медиумите ја носат клучната одговорност да не му даваат легитимитет на непроверена теза само затоа што е спакувана како „вест“. Затоа, верификацијата треба да биде правило: текстови со анонимни извори или без официјална потврда не смеат да се пласираат како факт, а кога нешто е непотврдено тоа мора да биде јасно означено веднаш, не „скриено“ во поднаслов или последен пасус. Паралелно, редакциите треба свесно да го намалуваат манипулативниот простор околу легитимноста со кратки, фактографски објаснувања што лесно се повторуваат и споделуваат: зошто ниска излезност сама по себе не значи нелегитимност, како се утврдуваат конечни резултати, кои се постапките за приговор и кои се надлежните институции. Ваквите материјали не се „политички став“, туку јавен сервис што директно го намалува ризикот од постизборна конфузија и делегитимација.

*Платформи / модерација / граѓанско општество*

Платформите и граѓанското општество во постизборниот период треба да работат со логика на засилен мониторинг, затоа што токму тогаш најчесто се активираат анонимни профили и мрежи што ја засилуваат токсичната содржина. Фокусот треба да биде на брзо препознавање и пријавување на кампании што содржат говор на омраза, закани или таргетирање на функционери и нивни семејства, особено кога содржините се мултиплатформски и повторно се појавуваат во различни форми. Во истиот пакет, неопходно е да се адресираат AI/монтажите и мемињата како алатка за постизборна дискредитација: преку јавни објаснувања и дигитална писменост за препознавање манипулации, но и преку јасна порака дека „сатирично“ не е оправдување за деградирачка содржина и омраза. На крај, за да има ефективен одговор во средина каде содржините се бришат и ре-објавуваат, потребна е системска архива на докази,едноставна евиденција со линк, скриншот и датум,која овозможува континуитет на следење, споредливост на појавите и посериозно институционално постапување кога има основ.